## 3.2. Девизни движења

*Во октомври 2003 година прометот на девизниот пазар се зголеми за 12,4%...*

*...при што денарот апресираше за 2,6% во однос на американскиот долар, а во однос на еврото беше стабилен*

Во октомври 2003 година, прометот на девизниот пазар оствари месечен пораст од 12,4%, достигнувајќи 289,7 милиони САД долари. Притоа, 83,4% од вкупните трансакции на девизниот пазар се реализирани помеѓу банките и претпријатијата. НБРМ и деловните банки остварија нето продажба на девизни средства. На 31.10.2003 година девизниот курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,24 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Од друга страна, вредноста на денарот во однос на американскиот долар забележа апресијација од 2,6% на месечна основа, при што на крајот на месецот се разменуваа 52,18 денари за еден долар.

Графикон 23
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Зголемување на прометот на менувачкиот пазар во октомври 2003 година за 11,6%*

Во октомври 2003 година прометот на менувачкиот пазар забележа пораст од 11,6% на месечна основа и изнесуваше 136,3 милиони САД долари. Притоа, понудата и побарувачката на девизни средства се зголемија за 3,9% и 23,2%, достигнувајќи 76,7 милиони САД долари и 59,6 милиони САД долари, соодветно. Менувачниците извршија нето откуп на девизни средства во износ од 17,1 милион САД долари. На менувачкиот пазар просечниот месечен курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,39 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Во однос на американскиот долар, денарот апресираше за 4,5%, при што за еден долар[9] се разменуваа 51,61 денар.

[9] Девизниот курс на американскиот долар е преземен од курсна листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 24
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




*Зголемени бруто девизните резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во октомври 2003 година оствари пораст од 54,1 милион САД долари и достигна 1.597,0 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ се зголемија за 9,6 милиони САД долари во однос на претходниот месец и достигнаа вредност од 856,3 милиони САД долари. Порастот на бруто девизните резерви главно е резултат на курсни разлики, зголемување на депозитите на државата и остварената камата на девизни депозити.

Графикон 25
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...и пораст на вкупните девизни средства на депозитните банки*

Вкупните девизни средства на банките во октомври 2003 година достигнаа вредност од 702,8 милиони САД долари, што претставува пораст од 42,6 милиони САД долари. Главен генератор на порастот претставува зголемувањето на девизните депозити на претпријатијата и на населението.